

ДОНИРАЈТЕ ОД СВОЈОТ ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД

ПОКАЖЕТЕ СОЛИДАРНОСТ

Што ќе добиете: Можност да им помогнете на оние кои имаат потреба. Можност да бидете солидарни и општествено одговорни. Можност да ви се намали персоналниот данок на доход за годината во која сте донирале

За што: За проекти од јавен интерес во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности

Кој може да донира: Секој граѓанин на Република Македонија кој е даночен обврзник согласно Законот за персонален данок на доход и кој поднесува годишна даночна пријава (Образец ПДД-ГДП)

За кои приходи: За сите приходи кои се остваруваат надвор од примањата по основ на плата (дивиденди, камати, приходи од издавање под наем на движен и недвижен имот, капитални добивки, приходи од договори за дело, приходи по основ на авторски права и друго)

Ограничувања:

1) намалувањето на данокот не може да биде поголемо од 20% од годишниот износ на персоналниот данок што треба да го платите
2) намалувањето не може да биде поголемо од 24.000 денари

Контакт: Даниела Стојанова, dsj@mcms.org.mk, (02)3065 381 (локал138)

Искажете го вашиот интерес, а МЦМС ќе ја спроведе и гарантира процедурата.

КАКО ДА ДОНИРАТЕ

1. Склучувате договор со примателот на донацијата
2. Давате донација на примателот на донацијата
3. Примателот на донацијата ви издава потврда за уплатената донација
4. Се подготвува Барање за издавање на решение за потврдување на јавниот интерес за кој е дадена донацијата. Барањето се доставува до Министерството за правда. Како прилог на барањето го доставувате договорот за донација и потврдата за дадената донација
5. Министерството за правда издава решение со кое се потвдува донацијата од јавен интерес
6. Во вашата годишна даночна пријава го назначувате износот на дадената донација за кој ќе ви се намали плаќањето на персоналниот данок на доход за истиот износ. Со даночната пријава се доставува и договорот за донација и документот врз основа на кој е извршена уплатата на дониранот износ
7. 30 дена од денот на исполнувањето на договорот се подготвува извештај за дадената и применета донација кој се доставува во УЈП

ОДБЕРЕТЕ ЗА ШТО ЌЕ ДОНИРАТЕ

ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА ПОЧНА!

Лица со интелектуална попреченост и други лица со хендикеп кои до сега беа сместени во специјални заводи и институции, започнуваат нов живот.
Помогнете им да го направат тоа – донирајте за крај на нивната изолација од општеството! Помогнете го вклучувањето во заедницата.

УЧИЛИШТА ПО МЕРКА

Во какви услови учат нашите деца? Голем дел од нив освен за науката треба да се грижат за скршените прозорци, крововите што протекуваат, скршените врати, несоодветните санитарни јазли.

Во Македонија има околу 500 основни училишта лоцирани во сите делови од државата. Дел од нив се наоѓаат во руралните населби каде што состојбата со училишните објекти е алармантна.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ ДИСКРИМИНАЦИЈА

Колкупати сте виделе оглас во весник во кој се бараат девојки за работа? Или, девојки и момчиња не постари од 30 години? Како реагирате на нив? Ви пречат? Ве нервираат? Ви оставаат чувство на неправда? Знаете ли дека таквата содржина е дискриминирачка? Дискриминацијата во Македонија е забранета. Затоа на Македонија и се потребни активности за антидискриминација. Повеќе граѓански организации започнаа кампања за антидискриминација. Нејзиното мото е „Еден до друг - различни, а еднакви!" Граѓанските организации се здружија во барањата да се донесе Национална стратегија и општо законодавство за антидискриминација.

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>>
15 ГОДИНИ